Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11) и член 67 од Статутот на Општина Бутел („Службен гласник на општина Бутел" бр.3/14 и 11/14) Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел, објавува

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17-821
04.05. 2022 год.
СКОПЈЕ

Јавен повик бр.
за искажување на интерес и прибирање на барања за користење на средства наменети за финансирање и организирање на манифестација
Ликовна колонија – ,,Љубанци" 2022 година

1. Распределба на средствата наменети за организација на манифестацијата Ликовна колонија – ,,Љубанци" 2022 година се планирани во Буџетот на Општина Бутел за 2022 година, во програма К4 - Културни манифестации и творештво, ставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

2. За организација на манифестацијата од точка 1 вкупно се предвидени 150.000,00 денари.

3. Манифестацијата Ликовна колонија –,,Љубанци" 2020 година ќе се одржи во период од 13-19 јуни 2022 година, во с.Љубанци.

4. Учесниците (ликовните уметници) во периодот на одржување на ликовната колонија ќе престојуваат во интернатот на ООУ „Гоце Делчев" од с.Љубанци.

5. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на „Ликовна колонија–Љубанци 2022 година" треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- Да извршуваат активности од областа на ликовната уметност и
- Да спроведуваат активности поврзани со ликовната уметност од минимум 1 (една) година.

6. Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 5, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

- Барање за доделување на средства за организација на Ликовна колонија– ,,Љубанци" 2022 година"
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и
- Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.

7. Здужението на граѓани се обврзува по завршување на ликовната колонија за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделението за јавни дејности.

8. Јавниот повик за избор трае од 03.05.2022 до 07.05.2022 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното Здружение.

Број
Скопје, 29.04.2022

Комисија за прибирање барања за организирање на Ликовната колонија- „Љубанци„ 2022